# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ
## За периодот јануари – декември 2025 година

АЛКАЛОИД АД Скопје во периодот јануари – декември 2025 година оствари позитивни финансиски резултати искажани во неревидираните единечен и консолидиран биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2025 година направени се промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје во согласност со Правилникот за начинот на водење сметководство, издаден во Службен весник на РМ бр. 75/24 на 3 април 2024 година.

**Вкупни приходи**

Вкупните остварени единечни приходи во периодот јануари – декември 2025 година изнесуваат 14.715.339 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2024 година бележат раст од 5 %. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 94 %, имаат приходите остварени од продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2024 година бележат раст од 3 %.

Вкупните остварени консолидирани приходи во периодот јануари – декември 2025 година изнесуваат 21.741.466 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2024 година бележат раст од 11 %. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 96 %, имаат приходите остварени од продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2024 година бележат раст од 10 %.

**Вкупни расходи**

Вкупните остварени единечни расходи во периодот јануари – декември 2025 година изнесуваат 12.538.498 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2024 година бележат раст од 4 %.

Вкупните остварени консолидирани расходи во периодот јануари – декември 2025 година изнесуваат 19.652.833 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2024 година бележат раст од 12 %.

**Податоци за акциите**

Акциите на АЛКАЛОИД АД Скопје котираат на официјалниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност од 2002 година и важат за едни од најтргуваните и најликвидните акции на Берзата. Цената на акцијата во периодот јануари – декември 2025 година се движеше од 24.000,00 до 31.099,00 денари или просечно 27.468,23 денари за една акција, што претставува раст од 22,76 % во споредба со просечната цена на акцијата во истиот период од 2024 година. Движењето на цената на акцијата е во рамките на трендот на просечниот годишен раст и се должи на редовното и транспарентно објавување позитивни резултати од работењето на компанијата, позитивното јавно мислење, на довербата во нашите производи, управувањето со Друштвото и на генералниот тренд на движење на глобалните и на регионалните берзи. На 31.12.2025 година акциите на АЛКАЛОИД АД Скопје беа во сопственост на 6.464 акционери, физички и правни лица, а пазарната капитализација на компанијата изнесуваше 35,8 милијарди денари.

На 1 април 2025 година, на Годишното собрание на акционерите, е одобрена пресметка и исплата на бруто-дивиденда за 2024 година во износ од 901.752 илјади денари. Во согласност со дивидендниот календар, во мај 2025 година започна исплатата на дивидендата во износ од 630 денари бруто, односно 567 денари нето за една акција. Дивидендата од акција за 2024 година е поголема за 16,67 % во однос на исплатената дивиденда од акција за 2023 година.

**Инвестиции**

Во согласност со долгорочната развојна стратегија, односно со 20-годишниот инвестициски развоен план, во последните неколку години се изградени нов погон за производство на полуцврсти фармацевтски форми, нов погон за пакување лекови, нов магацински простор за складирање суровини, како и нов погон за производство на цврсти форми (фармацевтски препарати), најзначајната инвестициска активност. Во таа насока, а со цел соодветно зголемување на капацитетите и во Контрола на квалитет – фармација, во 2025 беше пуштена во употреба новата микробиолошка лабораторија за контрола на квалитет која има капацитет да изведува околу 20.000 различни микробиолошки анализи годишно, а во неа работи 21 високостручно лице.

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот јануари – декември 2025 година изнесуваат 1.112.882 илјади денари.

**Обврски врз основа на кредити**
Вкупните консолидирани обврски врз основа на кредити на 31.12.2025 година изнесуваат 3.045.881 илјади

**Вработени**

Во периодот јануари – декември 2025 година во АЛКАЛОИД АД Скопје се реализирани 54 нови вработувања во РС Македонија. Со одлука на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, во март 2025 година е одобрен и исплатен регрес во висина од 44.500 денари нето-износ за користење годишен одмор за вработените во компанијата. Групацијата АЛКАЛОИД брои 3.018 вработени, од кои 2.234 се во земјава, а 784 се вработени во капитално поврзаните друштва во странство.

**Одговорност кон локалната заедницата**

Во рамки на својот континуиран придонес кон заедницата, АЛКАЛОИД АД Скопје заедно со капитално поврзаните друштва лоцирани во земјата во 2025 година оствари значајни економски влијанија преку редовна исплата на даноци и други давачки кон државата во износ од 1.965.720 илјади денари, вложувања во своите вработени во износ од 2.119.678 илјади денари, исплата на дивиденда во износ од 784.441 илјади денари, поддршка на здравствениот систем, спортските и културните дејности и пошироката заедница преку донации, спонзорства и стипендирање во износ од 226.953 илјади денари како и соработки со над 1.950 домашни добавувачи со остварен промет од 3.231.879 илјади денари. Овие показатели ја потврдуваат долгогодишната ориентација на компанијата кон одговорно работење, стабилен развој и силна поддршка на домашната економија и пошироката заедница.

**Поважни позиции од билансот на успех**

Остварените единечни и консолидирани резултати од работењето за периодот јануари – декември 2025 година, како и структурата, динамиката и споредбите со остварувањата во претходната година се прикажани во следниве табели:

**Единечни продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2025 | | 2024 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **25/24** |
| Домашен пазар | 3.858.675 | 28 | 3.618.713 | 27 | 107 |
| Странски пазар | 9.979.301 | 72 | 9.814.586 | 73 | 102 |
| **Вкупно:** | **13.837.976** | **100** | **13.433.299** | **100** | **103** |

**Поважни позиции од билансот на успех (продолжение)**

**Консолидирани продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| Пазар | 2025 Износ | 2025 % | 2024 Износ | 2024 % | Инд 25/24 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Домашен пазар** | **7.249.593** | **35** | **6.050.916** | **32** | **120** |
| Југоисточна Европа | 5.565.590 | 27 | 5.162.464 | 27 | 108 |
| Источна Европа (ЗНД, УКР, ...) | 4.036.473 | 19 | 3.489.992 | 18 | 116 |
| Западна Европа (ЕУ и ЕФТА) | 3.854.559 | 18 | 4.153.580 | 22 | 93 |
| Други земји | 192.901 | 1 | 148.744 | 1 | 130 |
| **Вкупно странски пазари** | **13.649.523** | **65** | **12.954.780** | **68** | **105** |
| **Вкупно:** | **20.899.116** | **100** | **19.005.696** | **100** | **110** |

Вкупните консолидирани приходи од продажби во периодот јануари-декември 2025 година бележат раст од 10 % во споредба со истиот период од минатата година. Во споредба со планираните продажби за 2025 година реализираните се поголеми за 2 %.

Како докажан партнер на јавното здравство, компанијата активно учествува во обезбедувањето на најсовремени ретки и специфични терапии преку застапување на производите на светски реномирани фармацевтски производители, обезбедувајќи значајна поддршка за здравствениот систем во земјава. Иако профитабилноста на овие програми е ограничена, тие значително го зголемуваат учеството на домашниот пазар во вкупните консолидирани продажби, каде што се остварени 35 %. Во споредба со истиот период од минатата година, продажбите во земјава бележат раст од 20 %.

Странските пазари заземаат 65 % од вкупните консолидирани продажби. Продажбите на странските пазари во 2025 година бележат раст од 5 % во однос на минатата година. Најголем пораст кај извозните пазари бележат продажбите остварени во земјите од Источна Европа (раст од 16 %).

(Во 000 Ден)

| Групи на производи | 2025 Износ | 2025 % | 2024 Износ | 2024 % | Инд 25/24 |
|---|---|---|---|---|---|
| Антибиотици | 4.906.584 | 23 | 4.903.163 | 26 | 100 |
| ОТЦ препарати | 3.795.432 | 18 | 3.535.124 | 19 | 107 |
| Кардиолошки препарати | 2.401.739 | 11 | 2.165.777 | 11 | 111 |
| Невролошки препарати | 2.588.962 | 12 | 2.336.030 | 12 | 111 |
| Други линии | 1.787.782 | 9 | 1.600.543 | 8 | 112 |
| **Вкупно производи - Алкалоид** | **15.480.499** | **74** | **14.540.637** | **77** | **106** |
| Трговска стока | 3.552.681 | 17 | 2.561.334 | 13 | 139 |
| Услуги и останати приходи | 83.545 | 0 | 115.851 | 1 | 72 |
| **Вкупно Фармација** | **19.116.725** | **91** | **17.217.822** | **91** | **111** |
| **Вкупно Хемија** | **372.222** | **2** | **335.526** | **2** | **111** |
| **Вкупно Козметика** | **1.145.597** | **5** | **1.182.750** | **6** | **97** |
| **Вкупно Билкарство** | **264.572** | **1** | **269.598** | **1** | **98** |
| **Вкупно:** | **20.899.116** | **100** | **19.005.696** | **100** | **110** |

Гледано според групи производи, во структурата на вкупните консолидирани продажби најголемо учество имаат производите од сегментот фармација, со 91 %. Во споредба со минатата година продажбите во овој сегмент се зголемени за 11%. Најголем раст има кај кардиолошките и невролошките препарати, кои се зголемени за 11 %, потоа ОТЦ препаратите со зголемување од 7%, додека антибиотиците се на исто ниво како минатата година. Во сегментите Козметика и Билка падот се должи на намалените и ограничени цени и маржи на речиси целото портфолио во Македонија, Србија и во Црна Гора кои беа на сила во одреден период од годината.

**Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)**

(Во 000 Ден)

| | 2025 | | 2024 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | % во Продажби | Износ | % во Продажби | 25/24 |
| Единечна ЕБИТДА | 3.393.013 | 25 | 2.886.531 | 21 | 118 |
| Консолидирана ЕБИТДА | 3.594.356 | 17 | 3.000.938 | 16 | 120 |

**Нето добивка**

(Во 000 Ден)

| | 2025 | | 2024 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | % во Продажби | Износ | % во Продажби | 25/24 |
| Единечна Нето добивка | 1.984.231 | 14 | 1.702.570 | 13 | 117 |
| Консолидирана Нето добивка | 1.795.766 | 9 | 1.684.020 | 9 | 107 |

Остварената единечна нето-добивка во 2025 година изнесува 1.984.231 илјади денари и во споредба со остварената во 2024 година бележи зголемување за 17 %.

Остварената консолидирана нето-добивка во 2025 година изнесува 1.795.766 илјади денари и во споредба со остварената во 2024 година бележи зголемување од 7 %.

**Бизнис-план за 2026 година**

Бизнис-планот за 2026 година, донесен со одлука на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје на седницата одржана на 29.12.2025 година, предвидува инвестирање на околу 8 % од консолидираните приходи од продажби во материјални и во нематеријални средства, раст од 7 % на консолидираните продажби во однос на реализираните во 2025 година, како и раст од 7 % на консолидираниот профит во однос на 2025 година.

Бизнис-планот за 2026 година е базиран на очекувањата, проекциите и на можностите на тековните и на новите пазари и производи достапни за компанијата во моментот на изготвување на планот. Околностите и настаните во 2026 година, а со тоа и остварените резултати може да варираат во однос на прикажаните во Бизнис-планот.

**Очекувања за претстојниот период**

Трендот на работење во отежнати економски услови, кои беа актуелни во изминатите неколку години, продолжи и во 2025 година. Доминанти предизвици беа инфлацијата и порастот на каматните стапки, кои, сепак, според сите очекувања, би требало да влезат во зоната на стагнација, а можеби и на благо опаѓање. Секако, глобалните безбедносни кризи ги отежнуваат економскиот амбиент и предвидливоста, што секогаш може да повлијае и врз цените на енергенсите, да создаде тешкотии во синџирите на испораки, но и да повлијае врз достапноста на одредени материјали. Дополнително, потенцијалниот ризик од глобална трговска војна може да предизвика нови покачувања на цените на суровините и да доведе до зголемени трошоци во работењето. Внимателно го следиме развојот на настаните и преземаме мерки за ублажување на овие потенцијални ефекти.

Очекуваме во 2026 година да продолжиме по патеката на континуираниот раст базиран на можностите од нашите тековни инвестиции во нови производствени капацитети и опрема и од вложувањата во развојно-истражувачки проекти, на тој начин создавајќи конкурентно портфолио и можности за ширење на пазарите. За остварување на овие цели ќе продолжиме и со нови вработувања во земјава, но и на странските пазари, притоа континуирано вложувајќи во подигнувањето и во усовршувањето на нивото на знаења и на вештини на нашите вработени и во градењето таленти.